Национално здружение за МС

Национално здружение за помош и поддршка на лица со мултипла склероза - НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС

# Политика за воспоставување на систем за заштита на лични податоци на Национално здружение за помош и подршка на лица со мултипла склероза - НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС Скопје

Заради усогласување на работењето на Националното здружение за помош и подршка на лица со мултипла склероза - НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС Скопје со Законот за заштита на личните податоци (сл.весник бр. 42/20) и Правилникот за безбедност на обработката на лични податоци (сл. весник бр.112/20) се поставува политика за воспоставување на систем за заштита на личните податоци со следниот тек

1. Цел и опсег на политиката

Политиката за воспоставување на систем за заштита на личните податоци има за цел да ги заштити правата и интересите на лицата од органите на управување како и лицата со мултипла склероза, нивни негователи или подржувачи– членови на Здружението, согласно Законот за заштита на личните податоци (сл.весник бр. 42/20) и Правилникот за безбедност на обработката на лични податоци (сл. весник бр.112/20). Контролорот кој располага со лични податоци од субјектите се обрзува да ги чува личните податоци во сеф или ормар со клуч/катанец. Пренесување на личните податоци на субјектите на лични податоци или трети лица се спроведува по претходно писмено барање, и согласно Законот за заштита на личните податоци (сл.весник бр. 42/20) и Правилникот за безбедност на обработката на лични податоци (сл. весник бр.112/20). Сите лица кои имаат пристап до личните податоци на субјектите се обврзани да потпишат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци со која се обврзуваат дека нема да пренесат лични податоци на трети лица без претходен налог од контролорот во усна или писмена форма.

2. Законитост – Националното здружение за помош и подршка на лица со мултипла склероза НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС Скопје располага со лични податоци:

- Евиденција на лица во органите на управување на Националното здружение за помош и подршка на лица со мултипла склероза - НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС Скопје– Членови на Собранието на Здружението, Ченови на Извршниот одбор и Претседателот на Националното здружение за помош и подршка на лица со мултипла склероза- НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС Скопје, согласно Законот за здруженија и фондации, каде се обработуваат следните категории на лични податоци: име и презиме, адреса, телефонски број и e-mail адреса.

- списоци на членови на Националното здружение за помош и подршка на лица со мултипла склероза - НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС Скопје, добиени преку потпишување на електронска пристапница за членство во Здружението, и согласност за обработка на лични податоци, каде се обработуваат следните категории на лични податоци: име и презиме, адреса, телефонски број, e-mail адреса, податоци за здравствената состојба односно работниот и пензискиот статус (доколку истото е потребно за остварување на одредени права)

3. Безбедност при обработка на личните податоци – преку следење на пропишаните процедури и политики за заштита на личните податоци во кои се опишани техничките и организациски мерки за овластени лица на контролорот.

4. Поделба на должности и одговорности – Собранието на Националното здружение за помош и подршка на лица со мултипла склероза - НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС Скопје ги усвојува прпроцедурите за заштита на личните податоци, Политика за воспоставување на систем за заштита на лични податоци, Рок на чување, анализа на ризик, евиденција на овластени лица. Раководството го надгледува системот за заштита на личните податоци и ја оценува ефективноста на управувањето со ризици, систем на интегрирани контроли и управување, препорачува спроведувње на дополнителни мерки за подобрување на ефикасноста и ефективноста при имплементација на корективни мерки.

5. Офицер за заштита на лични податоци (Моментално не е определен, бидејќи моментално до податоците пристап има само Претседателот на здружението) – Доколку во понатамошното работење се утврди потреба да се воспостави Офицер за заштита на лични податоци, истиот ќе биде назначен со следниот опис: офицерот за заштита на личните податоци на соодветен начин и навремено е вклучен во сите прашања поврзани со заштитата на личните податоци. Офицерот има поддршка за заштита на личните податоци при извршувањето на работите по Законот за заштита на л.п, преку обезбедување на ресурси неопходни за извршување на работите и пристап до личните податоци и операциите на обработка, како и одржување на неговото стручно знаење. Офицерот за заштита на личните податоци делува самостојно односно не добива никакви упатства од највисокото раководно ниво на контролорот во однос на извршувањето на неговите работи. Офицерот за заштита на личните податоци не може да биде сменет или казнет за извршувањето на своите работи. Офицерот за заштита на личните податоци директно одговара пред највисокото раководно ниво на контролорот. - Субјектите на личните податоци може да го контактираат офицерот за заштита на личните податоци за сите прашања поврзани со обработката на нивните лични податоци и за остварувањето на нивните права според законот за заштита на л.п. -Офицерот за заштита на личните податоци е должен да ја почитува тајноста или доверливоста во однос на извршувањето на своите работи, во согласност со закон.- Офицерот за заштита на личните податоци може да врши и други задачи и должности. Контролорот или обработувачот е должен да обезбеди дека таквите задачи и должности не доведуваат до судир на интереси. Офицерот за заштита на личните податоци ги врши најмалку следните работи: ги информира и советува контролорот или обработувачот и вработените кои вршат обработка соодветно на нивните обврски според одредбите на законот за заштита на л.п; -ја следи усогласеноста со овој закон, со други засегнати закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија, како и со политиките на контролорот или обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци; - каде што е потребно, дава совети во однос на процената на влијанието на заштитата на личните податоци и

го следи извршувањето на процената во согласност со закон -соработува со Агенцијата; -дејствува како контакт точка за Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, консултација како и советување според потребите за сите други прашања. - При извршувањето на своите работи, офицерот за заштита на личните податоци ги зема предвид ризиците поврзани со операциите на обработката, како и природата, обемот, контекстот и целите на обработката.

6. Пристап на трети лица- Заради обезбедување на заштита на личните податоци и ограничување на пристапот на трети лица, личните податоци се чуваат на посебен уред за зачувување во дигитална форма (виртуелен drive) со уникатна лозинка, достапна само на лицата кои имаат овластување за обработка на лични податоци, а дел од податоците кои се однесуваат здравствената состојба односно работниот и пензискиот статус се чуваат во хартиена форма во сеф/ормар со клуч.

7. Одредби за ревизија на Политиката– Политиката за воспоставување на систем за заштита на личните податоци се ревидира еднаш на 2 години или по потреба согласно измените на Законот за заштита на лични податоци како и правилникот за безбедност на обработката на личните податоци.

Политиката за воспоставување на систем за заштита на личните податоци во Националното здружение за помош и подршка на лица со мултипла склероза - НАЦИОНАЛНО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА МС Скопје се применува од 01.08.2021 година.

20.09.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,

Ана Карајанова - Димитрушева